# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 19 година LX**

**29 Декември 2025 година**

**opve@veles.gov.mk**


**Бр.476**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт-Статут на Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт-Статут на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/1
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт-Статут на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велесго утврди текстот на Нацрт -Статутот на Општина Велес.

2.Кон текстот на Нацрт- Статутот на Општина Велес на расправата по точката, од страна на членовите на советот немаше доставено забелешки кои треба да станат составен дел на текстот.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-5958/2
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Нацрт

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија” 202/24) и член 45 став 3 од Статутот на Општина Велес,на предлог на Градоначалник,

Советот на општината Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

## СТАТУТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општина Велес е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа, преку претставници во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето (во понатамошниот текст- Општината).

**Член 2**

Со Статутот на Општина Велес во согласност со закон се уредуваат:

-основни обележја на Општината;

-вршење на работи согласно начелото на Општината и комисиите на Советот на Општината;

-прописи на органите на Општината и начин на нивно објавување;

-информирање на граѓаните и слободен пристап до информациите од јавен карактер;

-претставки и предлози;

-јавни трибини, анкети и предлози од граѓаните;

-месна самоуправа;

-извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;

-постапка за утврдување и употреба на обележјата на Општината;

-постапка за измена и дополнување на Статутот на Општината;

-како и други прашања од значење на Општината.

## II ОСНОВНИ ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНАТА

**Член 3**

Општината Велес е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.55/04 12/05, 98/08, 106/08 и 149/14).

**Член 4**

Општината е правно лице.

Седиштето на Општината е во Велес на ул.„Панко Брашнар” бр.1

**Член 5**

Општината има грб, знаме, свечена песна-химна, заштитен знак и маскота.

Грбот е во форма на штит во кој централно е поставен Градскиот саат, во подножјето е поставен запчаник, над него водите на реката Вардар, лево и десно од Саатот е амфитеатралната поставеност на градот и во горниот дел е името Велес.

Знамето е двобојно, по хоризонтала еднакво поделено на темносина боја во долната површина и црвена боја во горната површина.

- Во централниот дел е поставен грбот на Општина Велес во златеста боја.
- Свечена песна-химна е преработка на народната песна “Болен ми лежи Миле
- Поп- Јорданов”, во оркестарска, хорска и инструментална изведба.
- Заштитен знак е афионска чушка изработена во стилизирана форма.
- За маскота на Општина Велес се утврдува стилизиран цртеж на видра.

**Член 6**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на Општината, а по работ е испишано „Република Северна Македонија - Општина Велес”.

Печатот што го употребува Советот на Општината, во вториот ред има натпис „Совет на Општина”.

Печатот што го употребува Градоначалникот, во вториот ред има натпис „Градоначалник”.

### Член 8

Во Општината се доделуваат општински признанија и награди.

Наградите се доделуваат во знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во обласста на економскиот развој, науката, уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштита и унапредување на животната средина и природата како и во други области.

Наградите се доделуваат на физички или правни лица од Општината, Републиката, други држави, меѓународни организации и асоцијации или претставници.

Општинските признанија и награди се доделуваат на предлог на Комисијата за јавни дејности.

### Член 9

Општината може, со одлука донесена од страна на Советот на Општината, да се здружува во здруженија во согласност со закон.

### Член 10

Општината може да соработува со општините од Републиката, со единици на локална самоуправа од други земји, со меѓународни организации на локални заедници и да членува во меѓународни организации на локалните власти.

Општината, заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од нивна надлежност, може со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички јавни служби, во согласност со закон.

## III. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ СОГЛАСНО НАЧЕЛОТО НА СУПСИДИЈАРНОСТ

### Член 11

Општината во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да ги врши работите во врска со сите прашања од значење на Општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивно вршење, се уредуваат со посебни одлуки на Советот на Општината, а по предлог на Градоначалникот и член на Советот.

## IV.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА И КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

### 1.Совет на Општина

### а.)Конституирање, права и должности на членовите на Советот

### Член 12

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот, избрани на начин утврден со закон и со давање на свечена изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Верификационата комисија што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот се уредува со Деловник.

### Член 13

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, по предлог на член на Советот за што одлучува Советот со мнозинство од присутните членови.

Постапката за избор на претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

### Член 14

Членот на Советот има права и должности утврдени со Закон и овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

### Член 15

Членот на Советот има права и должности и може да:

-предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење за граѓаните во Општината;

-да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од належност на Советот, да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидена со Деловникот;

-да бара од општинската администрација, јавните служби и установи основани од Општината, податоци и други информации за прашања што се во надлежност на Советот;

-да бара и добие стручна помош во изработување на предлози што тој му ги поднесува на Советот, по поставувањето на советнички прашања и во вршење на други работи што му ги доверил Советот, односно комисијата во која членува;

-да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Совет или комисија.

-врши и други работи на начин утврдени со Деловникот на Советот.

**Член 16**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член, но без право на одлучување.

Член на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Совет и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

Доколку од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Совет и комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуство од седници, за што Советот одлучува без претрес.

**б) Начин на работа**

**Член 17**

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се јавни.

Советот може да работи без присуство на јавноста во случаи определени со закон и овој Статут, како и кога тоа ќе го предложат Градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 3(три) члена на Советот.

Исклучувањето може да се бара кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал, кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 3 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

На расправата за Буџетот на Општината, Годишната сметка на Буџетот и за урбанистички планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

**Член 18**

Денот, часот и местото на одржување на редовната седница на Советот, како и решението за свикување на седница со предлогот на дневниот ред по кој ќе работи на седницата се објавуваат на официјалната страна на Општина Велес.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива, на барање на Градоначалникот или на барање од најмалку 1/4 од членовите на Советот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Седниците се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на Советот, на седницата претседава член на Советот по овластување на претседателот.

**Член 19**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува вонредни, итни и свечени седници.

Советот одржува свечени седници за доделување општински награди и признанија,за организирање на општински настани, обележување на значајни историски настани, како и за одржување на говори на наши и странски државјани, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

**Член 20**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности ( пожар, поплави, земјотреси, кризна состојба,прогласена епидемија,односно пандемија и сл)

Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива на предлог на најмалку 1/3 од членовите или на предлог на Градоначалникот.

Итна седница по предлог на Градоначалник и Претседател на Совет може да се свика поради итни и неодложни работи.

Решението за свикување на вонредна и итна седница со предлог дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Истото може да го добијат усно, по телефон или по електронска пошта.

Пред отпочнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна и итна седница без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 21**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања поврзани со работата на Советот се уредуваат со Деловникот.

**Член 22**

За претресување на прашања од своја надлежност Советот формира комисии.
Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Составот, делокругот на надлежности и времетраењето на мандатот на повремените комисии ќе се определи со актот за нивното формирање.

**в) Постојани комисии на Советот**

**Член 23**

Постојани комисии на Советот се:

-Верификациона комисија
-Комисија за мандатни прашања, избори и именувања
-Комисија за Статут и прописи;
-Комисија за финансирање и Буџет;
-Комисија за урбанизам , комунални работи и сообраќај,заштита на животната средина и локален економски развој;
-Комисија за јавни дејности;
-Комисија за заштита на правата на децата;
-Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите;

**-Комисија за унапредување на правата на пациентите во општината;**

-Комисија за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
-Комисија за програма на совет;
-Комисија за определување претставници од членовите на советот на Општина Велес во постапка за склучување на бракови;
-Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти

Комисиите се составени од 5 члена на Советот, освен Верификациона и Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кои бројат 3 члена.

**Член 25**

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на Општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на комисиите.

Политичките партии кои партиципираат во Советот на Општината ќе бидат пропроционално застапени во вкупниот број на членови на сите комисии.

**Член 26**

Прашањата поврзани со начинот на работа и одлучувањето на Советот и начинот на работа и делокругот на постојаните комисии се уредува со Деловникот на Советот на Општината.

**2.Градоначалник на Општината**

**Член 27**

Градоначалникот ги врши своите надлежности во рамките утврдени со закон и овој Статут.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

**Член 28**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите и тела на Советот и без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и тела на Општината.

**Член 29**

Градоначалникот по сопствена иницијатива, по барање на Советот и во согласност со закон го известува Советот за извршување по одделни работи од негова надлежност.

**Член 30**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на Општината како добар домаќин. Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на Општината да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на Општината во согласност со закон.

**Член 31**

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

**Член 32**

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член Градоначалникот го донесува во рок од 30 (триесет) дена од денот на преземањето на функцијата односно од денот на верификација на мандатот.

Решението од став 1 на овој член се објавува во „Службен гласник на Општина Велес”.

За денот на настапувањето на спреченоста или отсуството, Градоначалникот го информира претседателот на Советот и членот на Советот кој го заменува.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Совет за времето кога го заменува Градоначалникот.

**3. Постојани тела на Советот**

**Совет за заштита на потрошувачите**

**Член 33**

Заштитата на потрошувачите на ниво на општината, се обезбедува преку совет за заштита за потрошувачите на општината.

Советот се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштитата на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права.

Советот за заштита на потрошувачите, предлага локална едногодишна програма за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата и ја доставува на усвојување до Советот на Општината.

Советот за својата работа донесува деловник.

**Член 34**

Советот за заштита на потрошувачите е составен 7 (седум) члена.

Членовите на советите за заштита на потрошувачите се избираат од редовите на советниците, здруженијата за заштита на правата на потрошувачите и од други здруженија на граѓани, стопанските комори, јавните претпријатија со седиште на територијата на општината и органите за надзор на пазарот кои вршат инспекциски надзор во областа на заштита на потрошувачите.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите се избираат од Советот на Општина Велес на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и имнувања.

Мандатот на членовите на Советот изнесува четири години со право на повторен избор.

**Член 35**

Советот ги врши следниве активности:

1) се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштитата на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права;

2) ги проучува важечките правни прописи и предлага соодветни измени во областа на правната заштита на потрошувачите до Министерството за економија и труд;

3) предлага преземање соодветни мерки за заштита на здравјето, безбедноста и економските интереси на потрошувачите до Министерството за економија и труд;

4) ја оценува состојбата на пазарот во поглед на степенот на заштитата на потрошувачите и

5) води посебна грижа за заштита на потрошувачите кои се малолетници, стари и изнемоштени лица, социјално загрозените лица, неписмени, емигранти и лицата чии живеалишта се наоѓаат во тешко пристапни предели.

**Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

**Член 36**

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, Општината задолжително формира партиципативно тело од областа на урбанизмот.

Телото од став 1 од овој член се формира на иницијатива на градоначалникот на Општината или на партиципиентите од членот 37 од овој Статут.

**Член 37**

Партиципативно тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на Општината, што ги одредува градоначалникот, од стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и од граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на Општината.

Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страницата на Општината и во писмена форма со излагање на огласот на јавното место во траење од 30 дена.

Бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

**Член 38**

Партиципативно тело има право да расправа за прашања од урбанизмот и урбанистичкото планирање кои се од надлежност на Општината и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој преку презентирање на своите мислења до Советот на Општина Велес.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци, има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, изнесува и утврдува мислења, дава предлози и сугестии при постапката за изработување на предлог планската програма.

Работата на партиципативното тело е јавна.

**Локален младински совет**

**Член 41**

Претставниците на Локалниот младински совет имаат право да:

Иницираат предлагање точки на дневен ред на Советот на Општина Велес за прашања што ги засегаат младите,

Иницираат прашања за млади од делокругот на работата на Општината,

Иницираат, учествуваат и да даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,

Доставуваат информации до Општината за прашања што се однесуваат на младите и

Вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеца.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на дејствување, за поедини групи млади или за проблеми што ги загрижуваат младите.

Начинот на работа на Локалниот младински совет, се утврдува со Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет донесува програма за работа на Советот на млади за наредната година и ја доставува до Советот на Општината за нејзино одобрување.

Локалниот младински совет донесува програма за работа со мнозинство гласови од сите членови на Локалниот младински совет,Локална стратегија за млади и Акциски план за реализација.

**Член 42**

Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Локалната стратегија за млади е во согласност со Националната стратегија за млади.

Локалната стратегија за млади содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на Локалната стратегија за млади.

Советот на Општина Велес ја донесува локалната стратегија за млади за период од пет (5) години.

Локалната стратегија за млади ја предлага Градоначалникот, а ја изготвува општинската администрација во соработка со Локалниот младински совет низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес.

Акцискиот план за реализација на Локалната стратегија за млади го предлага Градоначалникот, а ја изготвува општинската администрација во соработка со Локалниот младински совет низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес.

Акцискиот план за реализација на Локалната стратегија за млади го носи Советот на Општина Велес по претходно донесена Локална стратегија за млади и тој може да се однесува за период од една до три години и задолжително содржи финансиски план, односно буџет за реализација за предвидениот период.

**Канцеларија за млади**

**Член 43**

Општина Велес формира Канцеларија за млади, оттаму се координира работата на младите во Општината и претставува основна точка за пристап на младите на локално ниво.

**Службеник за млади**

**Член 44**

Општината е должна да определи службеник за млади-лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашањата од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општината. Службеникот за млади од став 1 на овој член изготвува годишен извештај за работата на Општината од делокругот на млади што го поднесува до Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија и го објавува на веб-страницата на Општина Велес.

Контакт информациите за службеникот за млади од став 1 на овој член се јавно достапни на веб-страницата на Општината.

**Младински центар**

**Член 45**

Младинските центри се места каде што се подготвуваат и спроведуваат програми што ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и на професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

Младинските работници се одговорни за работата со младите во младинскиот центар.

Младинските центри се основаат во соработка меѓу општините и младинските форми на организирање регулирани со законските и подзаконските акти.

**Финансирање**

**Член 46**

Општината обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Локалниот младински совет.

Од Буџетот на Општината се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво, кои вклучуваат ресурси за работењето на Локалниот младински совет во согласност со усвоената годишна програма.

## V. ПРОПИСИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА И НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ

**Член 47**

Деловникот на Советот на Општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на Општината.

**Член 48**

Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесува поединечни акти-решенија.

**Член 49**

Прописите на општината се објавуваат пред да влезат во сила.

Постапката за донесување на прописите се уредува со Деловникот на Советот на Општината.

Прописите се објавуваат во службениот гласник на општината најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

**Член 50**

Прописите влегуваат во сила 8 ден (осмиот) ден од денот на објавувањето, а најрано со денот на донесување.

**Член 51**

За објавените прописи се води посебна збирка на објавени прописи.

Збирката може да ја користат граѓаните и истата ќе биде во секое време на увид.

**Член 52**

Советот на Општината донесува Статут, Деловник за работа на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти, дава мислење и утврдува насоки.

Статутот е основен акт на Општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на Општината и други прашања од значење за Општината.

Статутот на Општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт-статут и Предлог-статут.

Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

**Член 53**

Со Деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии и тела, постапките за одлучување и донесување прописи и односите со другите органи.

## VI.ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОДЈАВЕН КАРАКТЕР

### а) Информирање на граѓаните

**Член 54**

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината, ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните на Општината се информираат за:

-прописите кои ги донесува Советот на Општината;

-начинот и условите за остварување на нивните права;

-обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на Општината;

-плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на Општината;

-услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;

-приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;

-јавните набавки на основни средства за работа;

-именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училиштата;

-други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 56**

Информирањето на граѓаните се врши на службен јазик кој се користи во Општината.

Советот на Општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик во Општината, а го зборуваат дел од жителите на Општината.

**б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 57**

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информациии од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот и Градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од Општината и правни и физички лица со доверени јавни овластувања од Општината (во понатамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничено или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 58**

За информациите со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информациите, која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку официјалната страна на општината или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно, на секои три месеца да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага Градоначалникот, а ја утврдува Советот на Општината.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од Општината ја утврдува Управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 59**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на Општината и општинската администрација.

Директорот на јавното претпријатие или јавната установа основани од Општината, создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат, согласно Статутот на претпријатието или установата.

**Член 60**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица ( во натамошниот текст: барател на информација).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

-со увид во документите со кои располага имателот на информацијата,

-со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 63**

Службеното лице на имателот на информацијата е должно да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон, да го достави до Агенцијата до 31 јануари во тековната година за претходната година и да го објави на веб страницата на имателот на информации од јавен карактер.

## VII. ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

**Член 64**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат за работата на органите на Општината и општинската администрација.

**Член 65**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник, пред овластено лице во администрацијата, поединечно или групно.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 66**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 67**

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на претставката, како и преземање на потребни мерки за отстранување на повредата на правото на подносителот или повреда на јавниот интерес.

**Член 68**

Градоначалникот е должен да му одговори на подносителот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рок од 15 дена, а за сложени прашања во рок од 30 дена од приемот на претставката односно предлогот.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работата од надлежност на органите на Општината, Градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

## VIII. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ И ПРЕДЛОЗИ ОД ГРАЃАНИТЕ И ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦАТА

**Член 69**

Органите на Општината, при донесувањето на прописи од својата надлежност претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните.

Јавна трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби (водоснабдување, одржување на јавна чистота, одржување на локални патишта и улици) и други прашања од пошироко локално значење;

Анкета се спроведува за донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење;

Прибирање предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните да даваат свои предлози.

Постапката, начинот и времето на преземање на една од наведените активности од ставот 1 на овој член, ќе се уреди со Одлука донесена од органот кој ја организира.

**Член 70**

Градоначалникот и Советот на Општина Велес по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во општината, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форуми опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на општината.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на општината одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на општината по предлог на Градоначалникот.

## IX.МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 71**

Граѓаните во Општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

**Член 72**

Во Општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат во градот-урбани заедници и во другите населени места - месни заедници.

**Член 73**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарската општина на населените места.

**Член 74**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат граѓаните, жители на подрачјето за кое има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 75**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на Општината кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 76**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува Градоначалникот на Општината, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Член 77**

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

-решавање на прашања од комунална инфрастуктура за соодветното подрачје;

-одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);

-заштита на животната средина и природата;

-уредување и одржување на гробиштата во селските населби;

-покренување иницијатива за уредување на просторот;

-организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и

-други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на Општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 78**

Работите од претходниот член на овој Статут се финансираат од:

-средства кои што Општината ќе им ги отстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;

-средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;

-средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;

-средства од надомест на услуги и

-подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата, од став 1 се врши преку Буџетот на Општината.

**Член 79**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 3 (три) до 5(пет) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

**Член 80**

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овај член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот, донесува Градоначалникот на Општината во рок од 15 дена по истекот на рокот од став1 на овој член.

**Член 81**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на Собир на граѓани, доколку присуствува мнозинството од жителите на соодветната месна самоуправа.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

**Член 82**

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот поблиску се уредува со Правила за работа на обликот на месна самоуправа, донесени од Советот на Општината.

**Член 83**

За избрани членови на Советот се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 84**

Советот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Согласно правилата, со кои се уредува работата на обликот на месната самоуправа, Советот на месната самоуправа изготува Програма за работа.

**Член 85**

Градоначалникот на Општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овај член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овај член.

**Член 86**

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено финансиските работи на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

Општината води евиденција на облиците на месната самоуправа основани на најзиното подрачје.

Општината е должна да достави извод од евиденцијата на облиците на месната самоуправа по нивното основање, до министерството надлежно за локалната самоуправа. се уредуваат со одлука на Советот на Општината.

## X. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

**Член 87**

Во воена состојба, органите на Општината:

-продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и

-преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

**Член 88**

Општината се подготвува за извршување на работите од член 87 преку :

-планирање и организирање на мерки за заштита и спасување за свои потреби;

-формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописите засновани на закон;

-обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;

-преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон;

-координација и соработка со другите општини.

**XI. Сопственост на Општината**

**Член 89**

Сопственоста на Општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни ствари, парични средства и права.

Сопственоста Општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање од граѓаните или со нивно учество на друг начин, од донации, подароци и по други основи, во согласност со закон.

**Член 90**

За купување, отуѓување и оптоварување на сопственоста на недвижни ствари одлучува Советот на Општината.

Отуѓување на сопственоста на Општината се врши само по пат на јавно надавање, согласно закон.

Продажната цена на стварите не смее да биде помала од нивната пазарна вредност. Средствата добиени од продажбата на стварите може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојни ствари во сопственост на Општината.

**Член 91**

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината проценка се искажува во годишната сметка.

**Член 92**

Стварите, сопственост на Општината можат да се дадат на користење на други субјекти, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**XII.ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ОБЕЛЕЖЈАТА НА ОПШТИНАТА**

**Член 93**

Грбот и знамето на Општината се утврдуваат со одлука на Советот на Општината. За утврдување предлог на грбот и знамето на Општината, Советот на Општината распишува конкурс и формира комисија.

**Член 94**

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на Општината и го доставува до Советот на Општината на усвојување.

**Член 95**

Советот на Општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлогот на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на Општината е составен дел на Статутот на Општината.

**Член 96**

Грбот на Општината се употребува во состав на печатот на Општината.

Грбот на Општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на Општината.

Советот на Општината може да одобри употреба на грбот на Општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на Општината.

**Член 97**

Знамето на Општината се истакнува на зградата на Општината и на видни места во Општината.

Знамето на Општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учевствува или е презентирана Општината.

Грбот и знамето на Општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

**Член 98**

Свечената песна-химна, заштитниот знак и маскотата на Општината се утврдуваат со одлука на Советот на Општината.

**Член 99**

Начинот и условите за изработка на обележјата утврдени во претходниот член, се уредуваат со одлука на Советот на Општината.

**Член 100**

Свечената песна-химна ќе се користи при обележување на државни и општински празници и свечености.

Заштитниот знак и маскотата може да се истакнуваат на зградата на Општината и на видни места и д асе користат при меѓународни средби, натпреварии други собири на кои учествува или е презентирана општината.

**XIII ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА**

**Член 101**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината можат да предложат најмалку 1/3 од членовите на Советот на Општината, Градоначалникот на Општината или најмалку 10% од избирачите во Општината.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, Градоначалникот изготвува предлог Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот.

**Член 102**

Предлог статутарната одлука ќе се смета за донесена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број на членовите на Советот.

**XIV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 103**

Советот го утврдува текстот на Нацрт – Статутот на Општина Велес.

Сите забелешки кон Нацрт- Статутот на Општина Велес кои ќе бидат прифатени на расправата по точката на седницата, ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог - Статутот на Општина Велес и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

**Член 104**

Овој Нацрт-Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-5958/2
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.477**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/2
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-5958/3
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

| **Ризик и претпоставки** | непредвидени ситуации во проектот и лоШи временски услови | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | 01.11.2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | | | |
| **Вкупна вредност** | 19.634.436 | | |
| **Име на студија** | Основен проект за Реконструкција на јавна површина над скривница и деловен прост | | |
| **Ниво на студија** * | ГП | | |
| **Автор / фирма, седиште** | Линеа 3 | Скопје | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 01.01.2021 | | |

ДИП=Документ за идентификација на проектот

| | 2026 | 2027 | 2028 | 2029 | 2030 |
|---|---|---|---|---|---|
| **И Н Д И КАТОРИ** | 15.707.549 | | | | |

ИП - Идеен проект

ПФС - ПРЕД-физибилити студија

ГП - Главен проект

ФС - Физибилити студија

ПРИЛОГ 3

ОБРАЗЕЦ В1

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | |
|---|---|
| **ИМЕ НА БУЏЕТСКА ПРОГРАМА** | Капитални расходи за други комунални услуги — Ознака на буџетска/општинска програма: ЛА |
| **РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА** | Основен проект за реконструкција на Спотска сала ГЕМИЏИИ - Фаза 1 — Ознака на развојна потпрограма: ЛАИ |
| **Лице за контакт** | С.Дервишова и В.Смилева — Тел. и телефакс: 043232406 |
| **Функција:** | Советици — Е-МАИЛ: snezana.dervisova@veles.gov.mk |
| | **OPIS** |
| **Цели на развојна потпрограма (идентификација на цели кои Ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | На дадената градежна парцела предвидено е едно интегрално тело со неправилна форма и површина од 1508 м2. Објектот се предвидува да се изведува под кота на теренот, во чијшто габарит по вертикала се распоредени три нивоа сите под котата на теренот.Во рамките на теренот, на последното ниво е предвидено плато, партерно уредување, поплочено со имплементирање ниско и високо зеленило интегрирано со урбана опрема. Бројот на обезбедени паркинг возила е 100, од кои 3 се за лица со посебни потреби и 2 за електрични возила. |
| **Планирани активности** | Фаза 1.1 ископ од 1м за формирање плато за изведба на АБ колови; Фаза 1.2 изведба на АБ колови; Фаза 1.3. ископ до кота -5.0 м од горната кота на АБ колови; Фаза 1.4 изведба на прв ред на анкери; Фаза 1.5. ископ до кота -8.0м од горна кота на АБ колови; Фаза 1.6. Изведба на втор ред на анкери; Фаза 1.7. ископ до кота на темелење; - потоа следи објава на јавен повик |
| **Очекувани резултати/ефекти** | Целта с проектот преку изградба на катна гаража да се намали сообраќајната гужва цо централното градско подрачје и да се обезбеди паркинг за 100 возила. Со партерното уредување би се изградил и плоштад со амбиент атрактивен за секоја генерација. |
| **Ризик и претпоставки** | Наидување на непредвидени проблеми во проектот |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | 01.09.2025 |
| **Датум на завршување на проектот** | |
| **Вкупна вредност** | 20.411.673 |
| **Име на студија** | Основен проект за реконструкција на Спортска сала ГЕМИЏИИ - фаза 1 |
| **Ниво на студија** * | ГП |
| **Автор / фирма, седиште** | ИНТ Глобал Инженеринг и ЏОН и ЏОНИ ДОО — Битола и Скопје |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 01.01.2021 |

| | 2026 | 2027 | 2028 | 2029 | 2030 |
|---|---|---|---|---|---|
| **И Н Д И К А Т О Р И** | 16.329.338 | | | | |

ДИП=Документ за идентификација на проектот

ИП - Идеен проект

ГП - Главен проект

ПФС - ПРЕД-физибилити студија

ФС - Физибилити студија

1

ПРИЛОГ 3

ОБРАЗЕЦ В1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | |
|---|---|
| **ИМЕ НА БУЏЕТСКА ПРОГРАМА** | Капитални расходи за средно образование |
| Ознака на буџетска/општинска програма | НБ |
| **РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА** | Реконструкција на фасада и кров на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| Ознака на развојна потпрограма | НБТ |
| **Лице за контакт** | дги С.Дервишова дги В.Смилева |
| Тел. и телефакс | 043 232 406 |
| **Функција:** | Советници |
| Е-МАИЛ | snezana.dervisova@veles.gov.mk |
| | **OPIS** |
| **Цели на развојна потпрограма (идентификација на цели кои Ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Главна цел на проектот е реконструкција на фасадата на ССОУ„Димитрија Чуповски“ и реконструкција на фасада и кров на спортската сала на училиштето. Со ова •е се задоволат стандардите за енергетска ефикасност за објекти од ваков тип, а во исто време •е се заштити објектот од понатамошно оштетувасе. |
| **Планирани активности** | Преземасее на претходни подготвителни работи: земјани, ѕидарски, тесарски, покривачки, изолатерски работи, градежна столарија, браварски, лимарски, молеро-фарбарски и фасадерски работи |
| **Очекувани резултати/ефекти** | Зголемена енергетска и физичка заштита на објектот; Подобрени услови за работа и престој; Намалувасее на трошоците за користесее на објектот; поддршка на мерките за ефикасност |
| **Ризик и претпоставки** | неповолни временски услови и непредвидени работи во реконструкцијата |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | 01.12.2025 |
| **Датум на завршување на проектот** | |
| **Вкупна вредност** | 12.924.540 |
| **Име на студија** | Основен проект за реконструкција на фасада и кров на ССОУ„Д.Чуповски и сала |
| **Ниво на студија** * | ГП |
| **Автор / фирма, седиште** | ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др ДОО — Скопје |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 01.01.2017 |

| | 2026 | 2027 | 2028 | 2029 | 2030 |
|---|---|---|---|---|---|
| **И Н Д И К А Т О Р И** | | 12.924.540 | | [redacted] | |

ДИП=Документ за идентификација на проектот

ИП - Идеен проект

ГП - Главен проект

ПФС - ПРЕД-физибилити студија

ФС - Физибилити студија

ПРИЛОГ 3

ОБРАЗЕЦ В1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| ИМЕ НА БУЏЕТСКА ПРОГРАМА | Капитални расходи за други комунални услуги | Ознака на буџетска/општинска програма | ЊА |
| РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА | Реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти | Ознака на развојна потпрограма | ЊАН |
| Лице за контакт | С.Дервишова и В.Смилева | Тел. и телефакс | 043232406 |
| Функција: | Советници | Е-МАИЛ | snezana.dervisova@veles.gov.mk |
| | OPIS | | |
| Цели на развојна потпрограма (идентификација на цели кои Ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Главна цел е реконструкција на противпожарниот дом со гаража и други пропратни објекти. Со ова Ќе се реконструираат објекти изградени во 1978 година кои до сега не биле предмет на реконструкција. Ќе се и зголеми енергетската ефикасност. | | |
| Планирани активности | Со овој проект се предидуваат низа на активности за реконструкција, замена , обнова на три зградуи и тоа:<br>зграда 1 - противпожарен дом<br>зграда 2-објект во кој привремено се даваат патни исправи<br>простор околу постоечки објекти - подна и зелена површина наоколу. | | |
| Очекувани резултати/ефекти | -Подобрување на услови за работа и престој на пожарникарите<br>-подобрување и на услови за обука<br>-можност за спорт и рекреација на пожарникаите во круг на ПП Дом<br>- Приглагодување и проширување на простор за потребите на противпожарна служба. | | |
| Ризик и претпоставки | непредвидени ситуации во проектот | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 01.10.2025 | | |
| Датум на завршување на проектот | | | |
| Вкупна вредност | 25534906 | | |
| Име на студија | Основен проект за Реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти | | |
| Ниво на студија * | ГП | | |
| Автор / фирма, седиште | ДРППУ ТИПИНГ ДООЕЛ | Скопје | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 01.01.2022 | | |

| | 2026 | 2027 | 2028 | 2029 | 2030 |
|---|---|---|---|---|---|
| И Н Д И КАТОРИ | 20.982.270 | | | | |

ДИП=Документ за идентификација на проектот

ИП - Идеен проект

ГП - Главен проект

ПФС - ПРЕД-физибилити студија

ФС - Физибилити студија

.1

**Бр.480**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/5
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог наГрадоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 годин**

**Член1**

Буџетот на Општината Велес за 2026 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на овааОдлука.

**Член2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, буџет на самофинансирачки активности, буџет на дотации, буџет на кредити и буџет на донации.

Неискористените средства од Буџетот на дотациите од страна на локалните јавни установи во периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година, Општина Велес ги враќа во Буџетот на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември 2026година.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично во согласност со закон.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници и локалните јавни установи не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите планирани расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на буџетот на Општината.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Градоначалникот на Општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.**а**

**Член 6**

Во тековната фискална година, може да се вршат прераспределби во рамки на одобрениот буџет.

Прераспределбата во основниот буџет, како и прераспределбата во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот наОпштината.

Одобрените средства со Буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% од износот на ставка со прераспределби во тековната фискална година.

Исклучок од ова правило се средствата кои се однесуваат на спроведување на налози за извршување по основ на присилна наплата.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на дотации, буџетот на донации и/или буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

На членовите на Совет на Општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот се утврдува како процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, утврдена во Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката и тој изнесува 60% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница наСовет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 10**

Исплатата на платите на вработените се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот,

- Коефициентот за исплата на плата на Градоначлникот е утврден согласно закон, а основицата за пресметување на плата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година според податоците на Државен завод за статистика.
- за вработените кои имаат на статус на државни службеници вредноста на бодот за пресметување на платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот на предлог на градоначалникот.
- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи им се исплаќа плата согласно “Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Велес“ со сите измени идополнувања.

**Член 11**

Платите на вработените во локалните јавни установи се исплатуваат согласно коефициентите и вредноста на бодот утврдени со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Исплатата на платите на буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ја одобрува и контролира Министерството за финансии.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финасираат со блок дотации се спроведува на следниот начин:

- средствата се планираат на сметката на дотации (930), а се извршуваат преку сметката - дотации на локални јавни установи(903),

- локалните јавни установи финансирани со блок дотации од буџетот на дотации се должни 5 дена пред исплатата на платите, да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе приложат копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати за месецот за кој се однесува платата како и други податоци предвидени во образецот во пишана и електронска верзија (на ЦД, електронска пошта и др.) како и Декларација за прием од Управата за јавни приходи за месецот за кој се однесуваплатата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од основниот буџет истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства во основниот буџет и се приложува образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од буџетот на дотации со блок дотација се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образецМ-1.

Пресметките за исплата на плати на јавните установи, Градоначалникот ги доставува до ресорните министерства од кои се трансферира дотацијата, кои ги доставуваат до Министерството за финансии на контрола, евиденција и одобрување.

**Член 12**

Дневницата за службено патување во земјата за кој износ се пресметува и плаќа аконтација на данок од личен доход, без тошоците за ноќевање се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:

-дневница во висина од 700,00 ден. ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и

- дневница во висина од 350,00 ден. ако службеното патување траело од 8 до12 часа.

**Член 13**

Исплата на надомест за годишен одмор се врши врз основа на решение донесено од Градоначалникот под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година во Општина Велес. Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404 110 – Надомест за годишенодмор.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 40% до 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, а се исплаќа најдоцна до месец декември.

**Член 14**

Надоместокот за дневница за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,

- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот науправата.

- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на управата, а престојот е над 30дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часаи

- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа,но најмногу 12часа.

**Член 15**

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштите и спасување и други случаи на работникот му се исплаќа еднократна парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од Програма – Е0 – Општинска администрација - расходно конто 464 990 –Други трансфери.

**Член 16**

Во случај на смрт на вработен во Општина Велес, на неговото семејство му припаѓа парична помош, воедно и во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во двократен износ на просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

Надоместокот од овој член се исплатува врз основа на решение на Градоначалникот, а по претходно доставено барање со комплетна документација.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привременивработувања.

**Член 17**

Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Средствата се планираат Програма Е0 – Општинска администрација на ставка 464 Разни трансфери – 464 940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 18**

Исплата на име Јубилејни награди се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464 990 – Други трансфери на основа донесено Решение од Градоначалникот согласно Колективен договор за вработените во Општина Велес бр.08/177-1 од 12.01.2022 година, Договор за измени на Колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/2 од 31.03.2022 година и Договор за измени на Колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/3 од 25.11.2022 година.

На вработените кои ќе членуваат во работа на посебно формирани комисии им следи додаток на плата, кој ќе биде утврден со посебно изготвен Правилник, а средствата ќе се исплаќаат од Буџетот на Општината.

На вработениот му следи еднократен надоместок, под услови и висина која ја одредува работодавецот во зависност од расположливите средства во Буџетот на Општината. Истиот се исплаќа најдоцна до крајот на календарската година.

**Член 19**

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во одделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва - во програма А0- Совет на Општина), одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0 - Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 21**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2026 година одлучува Градоначалникот во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од потставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладиниорганизации,
- трансфери до спортски клубовии
- други трансфери за кои одлучуваСоветот.

**Член 22**

Општината може да вработува нови работници и да пополнува испразнети работни места, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за јавна администрација.

Буџетските корисници – локалните јавните установи можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места согласно актите за организација и систематизација, само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија, за што писмено известување дава Министерството за финансии, а врз основа на барање од Градоначалникот до надлежното министерство за потребата од вработување во локалната јавна установа.

**Член 23**

Поврат и пренасочување на приходи кои му припаѓаат на буџетот, се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за уплатени приходи по кои не е настанато правно дејство.

Повратот, односно пренасочувањето на приходите од став 1, се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општина Велес се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01 Јануари 2026 година.

Број 25-5958/6
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.481**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/6
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за донесување Буџетски календар**
**на Општина Велес за 2026 година**

1.Советот на Општина Велес го донесе Буџетскиот календар на Општина Велес за 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/7
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25)и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**на Општина Велес за 2026 година**

| Временска рамка | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| *септември* | Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.2026) | Законот за буџети (Службен весник на Република Македониј а бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16, член 21) Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весн ик на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) член 27, став 1 и 2. |
| *најдоцна септември* | Градоначалникот подготвува препораки /насоки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет | Градоначалник.<br>Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 1 50/21, 173/22 и 170/24) чл.19 став 3 |
| *најдоцна октомври* | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови (заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции) | Буџетски корисници |
| *октомври* | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредниците на буџетот за наредната година | Градоначалник, Одделение за финансиски прашања |
| *октомври* | Буџетските информации се доставуваат до Оделенијата во Општината, заедно со упатствата за основни те насоки и препораки од Градоначалникот | Одделение за финансиски прашања |
| *октомври* | Проценките на трошоците за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и сектори | Раководители на сектори<br>Раководители на одделенија |
| *октомври* | **а**. Се собираат буџетските барања<br>**б**.Барањата се аналзираат, усогласуваат и поднесуваат до Градоначалникот<br>**в**. Се изготвува билансот на приходи<br>**г.** Се изготвува билансот на расходи | Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| *октомври* | Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година | Градоначалник, Раководители на сектори, Раководители на одделенија |
| *октомври -ноември* | Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година. Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината | Совет на Општина |
| *најдоцна ноември* | Одделението за финансиски прашања, ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања) | Одделение за финансиски прашања |
| *ноември -декември* | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| *декември* | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен вес ник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 27, став 4 и 5 |
| *декември* | Се доставува Предлог -буџет од страна на Градоначалникот до Советот на општината | Градоначалник |
| *декември* | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| | | |
| *крај на декември* | Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември) | Совет на Општина |
| *јануари* | Започнува новата буџетска година | |

Број 25-5958/7
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.482**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/7
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница, одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници на Општина Велес за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Велес“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

Број 25-5958/8
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.483**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/8
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/12,17/13, 21/13 и 142/14), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година**

**Член 1**

Пазарната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес во 2025 година.

**Член 2**

При пресметување на пазарната вредност на градежното земјиште согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот се земаат во предвид следните параметри:

- За земјиште кое е во опфатот на ГУП и за кое има или нема донесено ДУП се пресметува 100% од вредноста утврдена за зоната во која се наоѓа земјиштето согласно Одлуката за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на ОпштинаВелес.
- За земјиште кое не е опфатено со ГУП, а за кое има друга планска документација се зема 50% од вредноста утврдена за зоната во која се наоѓа земјиштето согласно Одлуката за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на ОпштинаВелес.

**Член 3**

Подрачјето на Општина Велес е поделено на осум зони во зависност во кој дел на територијата на Општина Велес се извршени купопродажби на градежно земјиште во 2025 година.

**Член 4**

Во **првата зона** се наоѓаат улиците :

| Р.бр. | Име на улица | предходно | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Алексо Демниевски - Бауман“ | | | од почеток до спој со „АСНОМ“ (претходно ул.„Моша Пијаде“) |
| 2 | „Благој Ѓорев“ | | | од почеток до пресек со ул.„Андон Шурков“ |
| 3 | „Борис Трајковски“ | „Ленинова“ | | |
| 4 | „Гоце Делчев“ | | | |
| 5 | „Димитар Влахов“ | | | од почеток до пресек со ул.„Илинденска“ |
| 6 | „Илинденска“ | | | |
| 7 | „8-ми Септември“ | „Маршал Тито“ | | |
| 8 | „Наум Наумовски-Борче“ | | | |
| 9 | „Страшо Пинџур“ | | | од почеток до пресек со ул. „Гоце Делчев“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Ангел Мишев“ | „Нишка“ | | |
| 2 | „Архиепископ Михаил“ | „Владимир Назор“ | | од почеток до пресек со ул.„Љубен Весов“ |
| 3 | „АСНОМ“ | „Моша Пијаде“ | | од почеток до спој со ул.„Андон Шурков“ |
| 4 | „Благој Ѓорев“, | | | од пресек со ул.„Андон Шурков“ до пресек со ул.„Партение Зографски“ (претход но ул.„Првомајска“) |
| 5 | „Васил Ѓоргов“, | | | од почеток до пресек со ул.„Орце Мартинов“ |
| 6 | „Георги Војтех“ | | | |
| 7 | „Димитар Влахов“, | | | од пресек со ул. „Илинденска“ до пресек со ул.„Родна Ивева“ |
| 8 | „д-р Христо Татарчев“ | „Марксова“ | | |
| 9 | „11-ти Октомври“ | | | |
| 10 | „Киро Рогужаров“, | | | од почеток до пресек со ул.„Кресненско востание“ (претходно ул. „Иво Лола Рибар“) |
| 11 | „Кресненско востание“ | „Иво Лола Рибар“ | | од почеток до пресек со ул.„Димитар Влахов“ |
| 12 | „Крсте Мисирков“ | | | |
| 13 | „Лазо Осмаков“ | | | |
| 14 | „Методија Андонов Ченто“ | „Енгелсова“ | | |
| 15 | „Мирка Гинова“ | | | |
| 16 | „Нада Бутникошарева“ | | | |
| 17 | „Никола Карев“ | | | |
| 18 | „Никола Оровчанец“, | | | од почеток до пресек со ул. „Ѓоре Органџиев“ |
| 19 | „Оливер Китановски“ | „Прва Комуна“ | | |
| 20 | „Орце Мартинов“, | | | од почеток до пресек со ул. „Самоборска“ |
| 21 | „Пајак Планина“ | | | |
| 22 | „Панко Брашнар“ | | | |
| 23 | „Петре Прличко“ | | | |
| 24 | „Солунска“ | | | |
| 25 | „Тодор Христов -Офицерчето“ | „Народен фронт“ | | |
| 26 | „III Кумановска ударна бригада“ | | | |
| 27 | „Христо Узунов“ | „Сутјеска“ | | |
| 28 | „Цар Самоил“ | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Андон Шурков“ | | | без кракот од ССОУ „Коле Неделковски“ до пругата Битола-Велес |
| 2 | „Алексо Демниевски - Бауман“ | | | од пресек со ул „АСНОМ“ (претходно ул.„Моша Пијаде“) до Железничка станица |
| 3 | „Архиепископ Михаил“ | „Владимир Назор“ | | од пресек со ул.„Љубен Весов“ до пресек со ул. „Коле Неделковски“ |
| 4 | „Бане Андреев Ронката“ | | | |
| 5 | „Благој Абрашев“ | | | |
| 6 | „Благој Ѓорев“ | | | од пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул.„Првомајска“) до ул.„Невена Георгиева -Дуња“ |
| 7 | „Браќа Капчеви“ | | | |
| 8 | „Васил Главинов“ | | | од почеток до пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул. „Првомајска“) |
| 9 | „Гаврило Радомир“ | | | |
| 10 | „Димко Најдов“ | | | од почеток до спој со ул.„Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) |
| 11 | „Димче Мирчев“ | | | |
| 12 | „Ѓоре Органџиев“ | | | |
| 13 | „Ѓошо Органџиев“ | | | |
| 14 | „Јане Сандански“ | | | од почеток до пресек со ул.„Нада Бутникошарева“ |
| 15 | „Киро Ќучук“ | | | од почеток до пресек со ул.„Белградска“ |
| 16 | „Коле Дрнков“ | | | |
| 17 | „Коле Неделковски“ | | | |
| 18 | „Коле Цветков“ | | | од почеток до спој со ул. „Браќа Капчеви“ |
| 19 | „Костурска“ | | | од почеток до пресек со ул. „8-ма Велешка бригада“ |
| 20 | „Кресненско востание“ | „Иво Лола Рибар“ | | од спој со ул.„Димитар Влахов“ до спој со ул.„Киро Рогужаров“ |
| 21 | „Кукушка“ | | | |
| 22 | „Љубљанска“ | | | од почеток до спој со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул. „Игманска“) |
| 23 | „Никола Оровчанец“ | | | од пресек со ул.„Ѓоре Органџиев“ до крај |
| 24 | „8-ма Велешка бригада“ | | | |
| 25 | „8-ми Март“ | | | |
| 26 | „Петар Поп Арсов“ | | | |
| 27 | „Страшо Пинџур“ | | | од спој со ул. „Гоце Делчев“ до крај |
| 28 | „Тодор Јанев“ | | | од почеток до спој со ул. „Костурска“ |
| 29 | „Трајко Панов“ | | | |
| 30 | „Филип II“ | | | |
| 31 | „Шефки Сали“ | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Ангелко Палашев“ | „Стојан Јанаќиевиќ“ | | |
| 2 | „Архиепископ Михаил“ | „Владимир Назор“ | | од пресек со „Коле Неделковски“ до пресек со ул.„Кирил и Методиј“) |
| 3 | „Благој Ѓорев“ | | | од пресек со ул.„Невена Георгиева - Дуња“ до крај |
| 4 | „Благој Нечев“ | | | |
| 5 | „Боге Николов“ | | | |
| 6 | „Димо Хаџи- Димов“ | | | |
| 7 | „Димче Димовски - Кокошарчето“ | | | |
| 8 | „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“ | | | од почеток до спојот со ул.„Прохор Пчински“ |
| 9 | „Киро Рогужаров“, | | | од пресек со ул. „Кресненско востание“ (претходно ул. „Иво Лола Рибар“) до крај |
| 10 | „Костурска“, | | | од пресек со ул. „8-ма Велешка бригада“ до крај |
| 11 | „Кочо Рацин“, | | | од почеток до ул. „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) |
| 12 | „Мирче Ацев“, | | | од почеток до пресек со ул. „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) |
| 13 | „Луј Пастер“ | | | |
| 14 | „Партение Зографски“ | „Првомајска“ | | |
| 15 | „Партизанска“ | | | |
| 16 | „Самоборска“ | | | |
| 17 | ,,Димитар Влахов” | | | Од пресек со ул.Родна Ивева до крај |
| 18 | ,,Титово Кореничка’’ | | | |

Во **првата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува **2.000,00** денари за метар квадратен.

**Член 5**

Во **втората зона** се наоѓаат улиците :

| Р.б | Име на улица | предходно | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Академик Пенчо Давчев“ | | | без краците од лева страна (Речани) |
| 2 | „Андон Шурков“ | | | од ССОУ „Коле Неделковски“ до пругата Битола-Велес |
| 3 | „Архиепископ Михаил“ | „Владимир Назор“ | | од пресек со ул.„Кирил и Методиј“ до крај |
| 5 | „АСНОМ“ | „Моша Пијаде“ | | од спојот со ул.„Андон Шурков“ до ул.„Васа Кошулчева“ |
| 6 | „Белградска“ | | | од спојот со ул.„Димитрија Чуповски“ до крај |
| 7 | „Борис Карпузов“ | | | |
| 8 | „Браќа Поп Јорданови“ | | | од почеток до спој со ул.„Љубен Весов“ |
| 9 | „Вардарска“ | | | |
| 10 | „Васа Кошулчева“ | | | |
| 11 | „Васил Ѓоргов“ | | | од пресек со ул. „Орце Мартинов“ до крај |
| 12 | „Васил Иљоски“ | Речани | | |
| 13 | „Вера Циривири-Трена“ | | | од почеток до пресек со ул.„Бошко Златанов“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | „Гемиџиска“ | | | |
| 15 | „Димитрија Чуповски“ | | | од почеток до пресек со ул.„Белградска“ |
| 16 | „Живко Фирфов“ | | | |
| 17 | „Југотутун“ | М.в. Индустриска Зона | | |
| 18 | „Киро Зафиров“ | | | |
| 19 | „Којник“ | | | |
| 20 | „Коле Димов -Витамин“ | | | |
| 21 | „Коле Цветков“ | | | од спојот со ул.„Браќа Капчеви“ до спојот со ул.„Загребска“ |
| 22 | „Кузман Јосифовски – Питу“ | | | |
| 23 | „Петре Алчев“ | | | |
| 24 | „Раштански Пат“ | | | |

| Р.бр. | Име на улица | предходно | | Забелешк а |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Академик Пенчо Давчев“, | | | само краците од лева страна (Речани) |
| 2 | „Андреја Дамјанов“ | | | |
| 3 | „АСНОМ“ | „Моша Пијаде“ | | од пресек со ул.„Васа Кошулчева“ до крај |
| 4 | „Белградска“, | | | од почеток до пресек со ул.„Димитрија Чуповски“ |
| 5 | „Бошко Златанов“ | | | |
| 6 | „Васил Главинов“, | | | од спојот со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул. „Првомајска“) до крај |
| 7 | „Грозда Кочова“ | | | |
| 8 | „Димитар Андонов Папрадишки“ | Речан и | | |
| 9 | „Д-р Панче Васков“ | Речан и | | |
| 10 | „Јане Сандански“, | | | од спојот со ул.„Нада Бутникошарева“ до крај |
| 11 | „Камка Тоцинова“ | | | |
| 12 | „Климент Охридски“, | | | од почеток до пресек со ул.„Кирил и Методиј“ |
| 13 | „Кочо Рацин“, | | | од спојот со ул.„Архиепископ Михаил“(претходно ул. „Владимир Назор“) до спојот со ул.„Љубен Весов“ |
| 14 | „Љубен Весов“, “ | | | од почеток до спојот со ул.„Мирче Аце в |
| 15 | „Максим Горки“, | | | од почеток до пресек со ул.„Миле Милевски“ |
| 16 | „Мирче Ацев“, | | | од спојот со „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) до спојот со ул.„ЉубенВесов“ |
| 17 | „Михајло Апостолски“ | | | |
| 18 | „Мицко Козар“ | | | |
| 19 | „Невена Ѓеорѓиева- Дуња“, | | | од почеток до пресек со ул.„Киро Пракицов“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20 | „Орце Мартинов“, | | | од пресек со ул.„Самоборска“ до пресек со ул„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) |
| 21 | „Орце Шутев“ | | | |
| 22 | „Павел Шатев“ | | | |
| 23 | „Роса Плавева“ | | | |
| 24 | „Сараевска“, | | | од почеток до пресек со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) |
| 25 | „Славко Ѓоргиев-Сватот“ | | | |
| 26 | „Стефан Димитров | „Неретва“ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Алексо Демниевски-Бауман“, | | | од Железничка станица до крај |
| 2 | Андон Косето | | | |
| 3 | „Андреја Димков“ | | | |
| 4 | „Благој Јосмов“, “ | | | од почеток до пресек со ул.„Славјанска |
| 5 | „Благој Кирков“, | | | од почеток до пресек со ул.„Прохор Пчински“ |
| 6 | „Браќа Миладиновци“ | | | |
| 7 | „Браќа Поп Јорданови“, | | | од пресек со ул.„Љубен Весов“ до пресек со ул. „Крали Марко“ |
| 8 | „Вера Циривири-Трена“, | | | од спој со ул.„Бошко Златанов“ до пресек со ул.„Јане Сандански“ |
| 9 | „Димитрија Чуповски“ “ | | | од пресек со ул.„Белградска“ до пресек со ул.„Киро Пракицов |
| 10 | „Ѓорѓи Шоптрајанов“ | Речани | | |
| 11 | „Загребска“ | | | |
| 12 | „Илија Климкаров“ | | | |
| 13 | „Јордан Хаџи Константинов- Џинот“, | | | од пресек со ул.„Прохор Пчински“ до пресек со ул.„Вера Циривири-Трена“ |
| 14 | „Кирил и Методиј“, | | | од почеток до пресек со ул.„Максим Горки“ |
| 15 | „Кирил Пејчиновиќ“ | | | |
| 16 | „Киро Чауле“ | | | |
| 17 | „Кочо Рацин“, | | | од пресек со ул.„Љубен Весов“ до крај |
| 18 | „Крали Марко“ | | | |
| 19 | „Кресненско востание“ | „Иво Лола Рибар“ | | од спојот со ул. „Киро Рогужаров“ до крај |
| 20 | „Крушевска“ | | | |
| 21 | „Лазо Трпковски“ | | | |
| 22 | „Љубен Весов“, | | | од пресек со ул.„Мирче Ацев“ до крај |
- Тони Панов,Станица за технички преглед АМСМ услуги ДООЕЛ Скопје;

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/13
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.488**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за престанок на мандат на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/13
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 26 став 4 и 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Анета Стевановска Јаневска.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/14
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.489**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/14
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на вршителите на должност, членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење во ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Жарко Атанасовски и
   - Елена Панов.

1. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/15
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.490**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/15
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се назначуваат тројца вршители на должност за членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес:

- Анета Стевановска Јаневска;
- Невзат Муареми и
- Добривое Пауновски.

2. Мандатот на вршителите на должносттрае до именување на нови членови, но најмногу шест месеци, без можност за продолжување.

3. Ова Решение влегува во силасо денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/16
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.491**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/16
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

**Член 1**

Општина Велес распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-5958/17
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес објавува:

**Јавен повик**
**за избор на членови нанадзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

**1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на три (3) члена на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

**1. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk и на страната на ЈКП „Дервен“ Велес https://derven.mk/.

**2.УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

-е државјанин на Република Северна Македонија

-има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и

-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи,

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**1. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ**

Согласно член 27 од Законот за јавните претпријатија, Надзорниот Одбор, ги извршува следните работни задачи, одговорности, права и обврски и тоа:

1. Заради вршење на работите на контрола, надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.
2. Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.
3. Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.
4. Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку тоа е утврдено со статутот на јавното претпријатие.
5. Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.
6. Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.
7. Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

**1.НАДОМЕСТОК**

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие и изнесува:

Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие и изнесува:

- за Претседателот надоместок во износ од 7.000,00 денари и
- за членовите надоместок во износ од 6.000,00 денари, согласно Одлукатаза изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со бр. 25-4986/5 од 13.12.2024 година.

## 6. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на Надзорниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се:

1. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
2. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
3. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
4. Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија,
5. Кратка биографија,
6. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

## 7. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1 - административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

- Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Велес: www.veles.gov.mk.

## 8. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 08.01.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 12.01.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

- архивата на Општина Велес, ул„Панко Брашнар” бр.1, Велес (со назнака: За Јавен повик за именување на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес)

Незадоволните кандидати од изборот за членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Број 25-5958/17
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.492**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/17
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Програма за работа на Локалната**
**библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/18
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.493**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/18
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес**
**за период од I до IX месец 2025 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/19
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.494**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст, што Советот на Општина Велес ја донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/19
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 44 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.50-6003/43 од 08.07.2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/25) и Договорот за уредување на правата и обврските за престанок и давање на движни ствари на трајно користење со арх.бр.08-10000/14 од 17.07.2025 година, а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Велес дава на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст и тоа:

- 8 (осум) прочистувачи на воздух, модел OURAIR SQ 2500 прозиводител:MANN+HUMMEL

**Член 2**

Прочистувачите на воздух од член 1 на оваа Одлука се даваат на трајно користење без надомест на следните:

- Основни училишта (ООУ„Блаже Конески“ Велес, ООУ „Васил Главинов“ Велес, ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, ООУ „Кирил и Методиј“ Велес)
- Средни училишта (СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес и ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес) и
- Општинска јавна установа за деца – Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес.

**Член 3**

Прочистувачите на воздух имаат вкупна вредност од 240.000,00 денари.

**Член 4**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на движните ствари од член 1 на оваа одлука, Советот на Општина Велес го овластува Градоначалникот да склучи поединечни Договори со објектите од областа на образование и објектот од предучилишна возраст.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/20
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.495**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто – такси превоз на патници во Општина Велес**

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто – такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/20
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 54 став 1 алинеја 5 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**

**Член 1**

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.18/09, 6/12 и 21/19), членот 14 се менува и гласи:

„Тарифата за авто-такси превозот надлежниот општински орган ја усогласува со такси превозниците, а ја утврдува Советот на Општина Велес.

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот според утврдените тарифи.

Тарифи за пресметување на цената на превозот:

- Тарифа 1 (од 05:00 до 23:00 часот):
  1. Почетна цена (старт и вклучен 1 километар): до 70 денари
  2. Цена по изминат километар: до 30 денари;
  3. Чекање во времетраење од 1 минута: 5 денари.
- Тарифа 2 (од 23 :00 до 05:00 часот):
  1. Почетна цена (старт и вклучен 1 километар): до 70 денари;
  2. Цена по изминат километар: до 35 денари;
  3. Чекање во времетраење од 1 минута: до 5 денари.

Превозникот е должен во возилото на видно место да го истакне ценовникот со утврдените тарифи за чинење на превозот.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5958/21
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.496**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучоци против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации**

Се објавуваат Заклучоците против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации, што Советот на Општина Велес ги донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/21
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О Ц И**
**против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации**

1. Се осудува лажната кампања и манипулативно дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

2. Се констатира дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојство во локалните заедници.

3. Се потврдува дека на територијата на општина Велес нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.

4. Се утврдува дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегална миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.

5. Се изразува поддршка на политиките на Владата насочени кон спречување на нлегална миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.

6. Се истакнува дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

7. Се повикуваат сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општините.

8. Овие заклучоци претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на општина Велес стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локалната заедница.

9. Со цел целосна транпарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку останатите официјална интернет страница на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот.

10.Овие Заклучоци влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/22
29.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 476 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за утврдување Нацрт-Статут на Општина Велес**<br><br>**З А К Л У Ч О К за утврдување Нацрт-Статут на Општина Велес** | 2303 |
| 477 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година**<br><br>**З А К Л У Ч О К за донесување Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година** | 2317 |
| 478 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година**<br><br>**З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година** | 2320 |
| 479 | **З А К Л У Ч О Кза објавување Заклучок за донесување Буџет на Општина Велес за 2026 година**<br><br>**З А К Л У Ч О К за донесување Буџет на Општина Велес за 2026 година** | 2321 |
| 480 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година**<br><br>**О Д Л У К А за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година** | 2454 |
| 481 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2026 година**<br><br>**ЗАКЛУЧОК за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2026 година** | 2458 |

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 482 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година**<br><br>**О Д Л У К А за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници на Општина Велес за 2026 година** | 2462 |
| 483 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година**<br><br>**О Д Л У К А за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година** | 2462 |
| 484 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2026 година**<br><br>**ОДЛУКА за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2026 година** | 2473 |
| 485 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот**<br><br>**ОДЛУКА за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот** | 2476 |
| 486 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за прифаќање донација од КАМ ДОО Илинден**<br><br>**О Д Л У К А за прифаќање на донацијаод КАМ ДОО Илинден** | 2491 |

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 487 | З А К Л У Ч О Кза објавување Решение за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата | 2492 |
| | Р Е Ш Е Н И Е за именување на Претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата | |
| 488 | З А К Л У Ч О К за објавување Решение за престанок на мандат на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | 2493 |
| | Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | |
| 489 | З А К Л У Ч О К за објавување Решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | 2494 |
| | Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | |
| 490 | З А К Л У Ч О К за објавување Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | 2495 |
| | Р Е Ш Е Н И Е за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | |
| 491 | З А К Л У Ч О Кза објавување Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | 2496 |
| | О Д Л У К А за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес | |

**Бр. на акт** **Страница**


| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 492 | **З А К Л У Ч О Кза објавување Заклучок за усвојување Програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година** | 2500 |
| | **З А К Л У Ч О К за усвојување Програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година** | |
| 493 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година** | 2500 |
| | **З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година** | |
| 494 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст** | 2501 |
| | **О Д Л У К А за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст** | |
| 495 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто – такси превоз на патници во Општина Велес** | 2502 |
| | **О Д Л У К А за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес** | |
| 496 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучоци против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации** | 2503 |
| | **З А К Л У Ч О Ц И против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации** | |

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095  Народна банка на РМ
Сметка на буџетски  корисник:  711014100963010
Приходна шифра и програма  725939 - 00